БЛУПРИНТ ГРУПА
за реформи во правосудството

# Правни импликации врз судските постапки во вонредна состојба

# ПРАВНИ ИМПЛИКАЦИИ ВРЗ СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ ВО ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Издавач:
Центар за правни истражувања и анализи

Уредник:
Горица Наџинска

Автори:
Натали Петровска, Коалиција сите за правично судење
Жарко Хаџи-Зафиров, Центар за правни истражувања и анализи

Графички дизајн:
Релатив

Проектот „За правда – Следење на спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудството 2020-2021" е финансиран од Фондацијата Отворено општество-Македонија. Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

# СОДРЖИНА


ВОВЕД 4

МЕТОДОЛОГИЈА 5

КОМПАРАТИВНИ ИСКУСТВА ОД ЕВРОПА 6

УРЕДУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 7

- Уредба со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства 8

ДИНАМИКА НА СУДСКИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА 9

ПРИОРИТЕТНИ ПРЕДМЕТИ: РЕСПОНЗИВНОСТ НАСПРОТИ ОБЈЕКТИВНИ И СУБЈЕКТИВНИ ПРЕЧКИ 12

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ 14

# ВОВЕД

Вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија како последица од светската пандемија на коронавирусот КОВИД – 19, беше прогласена на 18 март 2020 година со Одлука на Претседателот на државата. Покрај засилените мерки за заштита на здравје на населението, вонредната состојба предизвика и потреба од воведување на нови практики и прилагодување на постоечките процедури на работа во разни општествени процеси во државата. Здравствената криза и вонредната состојба несомнено влијаеа и врз постапувањето на судството и остварувањето на судска заштита.

Во недостаток на каков било правен акт кој ја регулира работата и постапките на судовите и судските органи за време на вонредна состојба, работата на судовите беше регулирана преку Одлуката за постапување на судовите во Република Северна Македонија во услови на зголемена опасност од вирусот Ковид-19 донесена од Судскиот совет на РСМ.[1] Одредбите од Одлуката се однесуваат на раководење со судските предмети (одредување на итни и приоритетни предмети за постапување) и утврдување мерки за заштита на судската служба, странките и другите учесници во постапката. Дополнително, бидејќи функционирањето на судската власт во вонредна состојба не е предвидено со ниту еден правен акт, Владата на РСМ со Уредба со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства, го запре течењето на законските и преклузивните рокови за поднесување на тужби во парнична и кривична постапка како и управните спорови, и ги стопираше роковите за изјавување на редовни и вонредни правни лекови за време на вонредната состојба. Судовите се најдоа пред предизвикот да обезбедат ефикасна судска заштита на правата и слободите на граѓаните применувајќи различни методи на организација како одговор на мерките за заштита од вирусот КОВИД-19.

Оттука произлезе и потребата да се анализираат последиците од уредувањето, водењето и приоретизирањето на судските постапки за време на оваа вонредна состојба. Целта на овој документ за јавни политики е да даде конкретни предлози за стандардизирање на работата и постапувањето по предметите во вонредна состојба, како и воведување нови методи на работа во судовите. Подготовката на документот е дел од проектот „За правда – Следење на спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудството 2020-2021", поддржан од Фондацијата Отворено општество- Македонија.

1 Одлука на Судски совет на РСМ бр. 02-606/1 од 17.03.2020 година

# МЕТОДОЛОГИЈА

Документот *Правни импликации врз судските постапки во вонредна состојба* го анализира постапувањето на судовите и текот на судските постапки во периодот од 18 март до 22 јуни 2020 година, односно за времетраење на првата вонредна состојба во Република Северна Македонија. Примарна цел на ова истражување е да предложи конкретни препораки за ефикасно и транспарентно работење на судовите во специфични услови на работа, преку увид во текот на судските постапки во граѓанските и кривичните предмети, степенот на одложување наспроти одржување на рочишта, како и приоретизацијата на итните предметите за време на вонредната состојба во 2020 година.

При подготовката на овој документ беа анализирани официјалните прописи и одлуки за работа на судовите и судските институции за време на вонредната состојба наспроти постапувањата на судовите во конкретните предмети за работа во овој период.

Со цел да се обезбедат податоци за ефективноста од донесените протоколи во судовите, односно да се добие увид во спроведените и одложените рочишта во изминатиот период, беа користени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер кои беа испраќани директно до судовите. Со оглед на фактот дека АКМИС системот не ги обработува податоците по однос на одложени и одржани рочишта, овие податоци беа обработувани рачно од страна на судовите, па се од таа причина судовите со најголем обем на работа, односно Основниот граѓански суд и Основниот кривичен суд во Скопје не доставија податоци за процентот на одложени рочишта. Во ова истражување беа користени и дополнителни податоци од граѓанскиот сектор за мониторирањето на судските постапки, односно податоци од професионални набљудувачи на Коалицијата „Сите за правично судење“. За потребите на истражувањето беа анализирани останати домашни истражувања на оваа тема, и податоци за методите на работа на судовите низ Европа за време на пандемијата од вирусот КОВИД – 19 во 2020 година.

# КОМПАРАТИВНИ ИСКУСТВА ОД ЕВРОПА

Карактеристично за најголем дел од судовите во европските држави во периодот на светската пандемија како последица од вирусот КОВИД-19 е постапувањето единствено по итни односно приоритетни предмети. Најчесто судовите низ Европа постапуваа по притворски предмети, додека сослушувањата се спроведува само за оние предмети во кои е неопходно непосредно присуство на обвинетиот. Согласно податоците на Советот на Европа, во новите услови за работа, голем дел од државите членки ја земаа предвид и важноста од пропишување на итните/приоритетни предмети кои беа задолжителни за постапување за судовите. Министерството за правда на Шпанија[2] утврди рестриктивни дејствија кои ќе ги преземаат судовите за време на вонредните услови се: кривичните случаи со притвор, заштитни мерки во врска со семејно насилство и дејствија чије доцненење може да предизвика непоправлива штета. Слични правила стапија на сила и во судовите во Португалија, Словенија и Франција.

Со оглед на исклучителните околности со кои се соочија судските системи низ Европа, во најголем дел од државите беа преземени специфични мерки за проширување на процедуралните рокови во судските постапки. По прогласувањето на вонредна состојба во Португалија стапи на сила одредба од закон што предвидува суспендирање на роковите на застареност поврзани со сите кривиче процеси и постапки, додека на процесните акти што треба да се извршат во рамките на сите судски органи започна да се применува режимот на судски празници (судска ферија) сè додека не престане вонредната состојба. Слични одредби за стопирање на судските рокови и постапки беа активирани и во Франција, и Словенија.[3] Во одредени држави пак, преклузивните рокови не беа суспендирани ниту за време на вонредната состојба со цел пружање на ефективна судска заштита на правата на граѓаните. Таков пример е Германија каде судските рокови продолжуваат и за време на вонредната состојба, а доколку странката го пропушти рокот, таа е должна писмено да ги образложи причините за тоа. Дополнително, во Унгарија непочитувањето на законските рокови било овозможено единствено во случаи каде странките или судот не биле во можност да користат електронска комуникација за достава на документи.

2 Management of the judiciary - compilation of comments and comments by country, достапно на https://www.coe.int/en/web/cepej/compilation-comments

3 Ibid.

Пандемијата од вирусот КОВИД-19 послужи како индикатор на сегашното ниво на употреба на новата ИТ технологија во судството, и останатите сегменти од општеството. Европските држави бележат завидно ниво на техничка организација за спроведување на процесни дејствија преку користење на видео-конференциска врска помеѓу судиите и странките во постапката. Како такви се издвојуваат судовите во Франција, Холандија и Чешка[4] кои најголемиот дел од процесните дејствија ги спроведуваат преку користење на електронски средства за комуникација. Надвор од Европската Унија, електронската достава на судските документи целосно функционира во Азербејџан, додека во Турција целосната комуникација помеѓу судовите и странките за време на вонредната состојба се одвиваше преку Национален судски информатички центар кој се користи за комуникација на далечина помеѓу судовите и судовите и странките.

4 Ibid

# УРЕДУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Вонредната состојба како специфична уставно-правна категорија е предвидена во Уставот на Република Северна Македонија во членовите 125 и 126. Сепак, организацијата на судската власт, текот на судските постапки и уредувањето на судската управа за време на вонредна состојба не се регулирани со ниту еден правен акт, ниту пак вонредната состојба е предвидена со Судскиот деловник или Законот за судовите. Истражувањата[5] спроведени за работата на судовите за време на вонредната состојба поради пандемијата од коронавирусот КОВИД-19 во 2020 година покажуваат дека токму недостатокот од јасна и прецизна нормативна рамка за постапувањето на судовите во оваа состојба претставувале главна пречка во нивното работење.

Со прогласувањето на вонредна состојба, се активираше членот 126 од Уставот на РСМ кој предвидува дека во овие услови, Владата донесува уредби со законска сила и ова овластување трае се до завршувањето на вонредната состојба. За време на вонредната состојба во Северна Македонија во периодот од 18 март до 22 јуни, Владата донесе вкупно 250 уредби со законска сила, во кои влегуваат изворните уредби, уредбите кои се насочени кон примена на одреден закон, како и уредби кои изменуваат и дополнуваат претходно донесени уредби. Уредбите кои беа донесени во овој период уредуваат широк спектар на прашања од значење за управување со кризата, а во однос на постапувањето на судовите, се издвојува уредбата со законска сила со која се уредуваат роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства.

5 Предизвици на судството во време на вонредна состојба, Центар за правни истражувања и анализи, Скопје 2020, достапно на: https://cpia.mk/media/files/120436-predizvici-n%D0%90-sudstvoto-vo-vreme-n%D0%90-vonredn%D0%90-sostojb%D0%90.pdf

## УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА РОКОВИТЕ ВО СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА И ПОСТАПУВАЊЕТО НА СУДОВИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА

Уредбата[6] предвидуваше законските и преклузивните рокови за поднесување на тужба во парнична постапка, приватна тужба во кривична постапка, предлог за кривично гонење, предлог за поведување на вонпарнична постапка, поднесување на барање за присилно извршување, постапка за обезбедување на побарувањата, тужба за поведување управен спор, иницирање на постапка пред Уставен суд или иницирање на друга судска постапка престануваат да течат се до престанокот на вонредната состојба. Со уредбата се предвиде дека престануваат да течат и роковите за законските и преклузивните рокови за изјавување на правни лекови, правни средства или за преземање процесни дејствија од овие постапки.

Во однос на кривичните и прекршочните постапки, со оваа уредба со законска сила се стави пауза и на роковите за изјавување на жалба или приговор на одлуките со кои постапката завршува, за изјавување на вонредните правни лекови, како и на роковите за застарување за кривично гонење, поведување и водење на прекршочна постапка и за извршување на кривичните и прекршочните санкции. Целта на овие одредби беше да се обезбедат формални, односно процесни услови за прилагодување на работата на судовите за време на вонредната состојба. Со оглед на проблемите со кои се соочија судовите при организирање на својата работа без прецизино утврдени правила, паузата на роковите во судските постапки ја олесни секојдневната работа на судиите но истовремено отвори простор за несигурност, односно непредвидливост кај граѓаните за ефикасноста на постапката. Дополнително, беше утврдено, со цел да овозможи континуитет при постапувањето во судовите.

Со уредбата се потенцира и важноста од континуираното постапување на судовите, особено по итни предмети. Беше утврдено автоматско продолжување на мандатот на судиите-поротници чиј мандат завршува за време на вонредната состојба, и беше предвидено дека доколку некој суд или негово одделение, заради преземени мерки за спречување на ширење на вирусот КОВИД-19 не може да постапува по итни предмети, Судскиот совет ќе определи да постапува друг стварно надлежен суд од ист степен. Уредбата ја поддржува и охрабрува електронската комуникација помеѓу судовите и странките и беше утврдено дека Судскиот совет може да донесе одлука и да пропише начин за одржување на расправи и преземање на сите други дејствија на постапката со користење на електронски технички средства кои обезбедуваат двонасочна комуникација без заедничко физичко присуство на учесниците во постапката.

При деталното разгледување на одредбите од оваа Уредба треба да се земе предвид и фактот дека процесните закони во Северна Македонија не предвидуваат посебен тек на постапката за време на вонредна, воена или слична состојба која de facto би влијаела на самите судски постапки. Имајќи предвид дека во периодот на вонредната состојба голем број од судовите функционираа со намалени човечки ресурси, капацитети и преку одложување на голем дел од јавните расправи, улогата на одредбите од оваа уредба беа во насока да го поткрепат функционирањето на судската власт во овој период согласно со потребите на судските институции и интересите на граѓаните. Сепак, при недостаток од формално правна рамка во која ќе се нормираат основните за регулирањето на судските постапки за време на вонредната состојба, се ризикува арбитрерност при уредувањето на роковите и постапките во судовите со секоја наредна кризна, односно вонредна состојба.

6 Службен весник на РСМ број 84, 30 март 2020

# ДИНАМИКА НА СУДСКИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

Судскиот совет на Република Северна Македонија на одржаната седница на 17.03.2020 година донесе Одлука за постапување на судовите во Република Северна Македонија во услови на зголемена опасност од вирусот КОВИД-19.[7] Согласно Одлуката, претседателите на судовите и судиите треба раководењето на судските предмети да го усогласат со мерките и препораките на Владата на Република Северна Македонија и надлежните здравствени органи за заштита од КОВИД-19 вирусот. Од страна на Судскиот совет беа дадени упатства за заштита од КОВИД-19 вирусот во однос на тоа дека е потребно да се врши дезинфекција на судовите, странките и другите учесници во постапката да ги поминат сите безбедносни здравствени мерки пред да влезат во судот и сл. Судскиот совет даде насоки за судовите да постапуваат во следните предмети:

- Судења во кривични предмети кога обвинетиот или дел од обвинетите се во притвор, домашен притвор или спрема кои е изречена некоја друга мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во постапката;
- Кривични предмети на странките кои немаат живеалиште, односно престојувалиште во Република Северна Македонија, а се затекнати во државата;
- Кривични предмети за кои постои опасност од застарување на кривичното гонење;
- Кривични предмети за кривичните дела: „Пренесување заразна болест" - по член 205 од КЗ, „Непостапување според здравствени прописи за време на епидемија" - по член 206 од КЗ, „Неукажување медицинска помош" - по член 208 од КЗ, „Спречување службено лице во вршење службено дејство" - по член 382 од КЗ, „Напад врз службено лице при вршење работи на безбедност" - по член 383 од КЗ, „Организирање отпор" - по член 387 од КЗ;
- Прекршочни предмети од итна природа;
- Предмети за примена на времени мерки;
- Предмети по кои постапката е во фаза на донесување на одлука;
- Предмети во кои постои опасност од повреда на принципот на судење во разумен рок;
- Предмети кои по сила на законот се итни;
- Прием на поднесоци и други работи што се врзани со законски преклузивни рокови.

Судскиот совет на Република Северна Македонија даде насоки и за постапувањето на апелационите судови и Врховниот суд, поточно, апелационите судови треба да постапуваат по жалби по горенаведените предмети и по предмети по кои одлучуваат на нејавна седница, додека пак Врховниот суд на Република Северна Македонија треба да одлучува по горенаведените предмети во рамките на својата надлежност и по предметите по кои одлучува на нејавна седница. Во однос на Управниот и Вишиот управен суд, согласно одлуката на Судскиот совет истите треба да постапуваат по управни спорови против управни акти и жалби против одлуките на Управниот суд кои се итни и по кои се одлучува без одржување на расправи.

Меѓутоа, и покрај препораките дадени од страна на СС на РСМ, констатирано е дека 23% од судовите во државата (кој процент е сочинет од првостепени судови), продолжиле да работат во полн капацитет за време на вонредната состојба со почитување на мерките за заштита. Додека пак 77% од судовите вклучувајќи ги тука и Врховниот суд, управните, апелационите и дел од основните судови, својата работа ја реорганизирале во систем на смени и службени дежурства. Притоа, важно е да се напомене дека најчесто, самите судии, по своја сопствена оценка ги одредувале приоритетните и итните предмети за постапување.[8]

7 Одлуката на Судскиот освет за постапување на судовите во Република Северна Македонија во услови на зголемена опасност од вирусот КОВИД-19 од 17.03.2020 година е достапна на: http://www.sud.mk/wps/portal/ssrm/sud/vesti/095f4772-bdf3-4938-84b3-98d67fb9ca3e/!ut/p/z1/rVNdUwIhFP01PhKwwAKP9qFmqTW26fKygyzYVu5a0vbx68OmmUYtrTGeuDPnnnvOgQsVHENV6rqYal9Upb4PdariLG5TisQZOhfdY4maCSWty4srTDmFo1VAGw9EAAySWHZaUZIQqLb3X0MFlSn93N_AdFHV1mezuwZaPOUNNK-M9aVuoNoufNFASDJHOY_AJHcEUEkEEHRCgBR5zN1EGk3skm5uihymLoB0TiwgJJ4Aag0G0hkB8lg7w3IjI8TX5W_qW8pHP5wm-uzfAlC74lO7RqhVjs2E06CBfwEGnRYPgBPMmulyGnaCyLqwzzApq8dZeNLhHyMKBGsT1my08HcTRke97OIUpnhZlItsK0H2gdZTe0Ao4ZihGAiCY0AFd0AyboDDkZaMcqlZBFP2Rw_bDfTZnhHtoOd70nd3_aKwpcXtw4NqhlWqSm9fPBz_xy4F3uixd9SbBrna34CidBUc_6p1PktmgrwW4M71TghNu3Wf1W-HfRBub-d29A5eJH3w/dz/d5/L2dBISEvZ0FBIS9nQSEh/?urile=wcm%3Apath%3A%2Fsovet_mk%2Fsud%2Fpocetna%2Fvesti%2F095f4772-bdf3-4938-84b3-98d67fb9ca3e.

8 Предизвици на судството во време на вонредна состојба, ЦПИА 2020, достапно на: https://cpia.mk/media/files/120436-predizvici-n%D0%90-sudstvoto-vo-vreme-n%D0%90-vonredn%D0%90-sostojb%D0%90.pdf

ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДСКАТА СЛУЖБА ВО ВОНРЕДНА СОСТОЈБА




Во поглед на правораздавањето, односно одржување на судења во конкретниот период, за потребите на овој документ за јавни политики, предмет на обработка беа податоците добиени од страна на 15 основни судови и 3 апелациони судови, а истите беа во насока на тоа колку рочишта биле одржани во периодот од 17.03.2020 до 22.06.2020 година, и тоа како во граѓанската, така и во кривичната област. Па така, од добиените податоци може да се констатира дека од вкупно 6594 закажани рочишта во граѓански постапки, вкупно биле одржани 2989, додека пак 3605 рочишта односно 54,6% од рочиштата биле одложени. Што се однесува пак на кривичните постапки, од вкупно 4979 закажани рочишта, одржани биле 2889, додека пак 2090 рочишта односно 41,9% од рочиштата биле одложени.

ГРАЃАНСКИ ПОСТАПКИ ВО ПЕРИОДОТ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА




КРИВИЧНИ ПОСТАПКИ ВО ПЕРИОДОТ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА




Со оглед на фактот дека АКМИС системот не ги обработува податоците по однос на одложени и одржани рочишта, констатирано е дека овие податоци се обработени рачно од страна на судовите, па се претпоставува дека од таа причина судовите со најголем обем на работа (Основниот граѓански суд и Основниот кривичен суд во Скопје) не можат да ги достават побараните податоци. Она што дополнително претставува проблем во точниот број на одржани и одложени рочишта во времетраењето на вонредната состојба е тоа што во дел од судските предмети, воопшто не се насрочувани рочишта во овој период, па оттаму е и релативниот низок процент на одложени рочишта во време на пандемијата.

Пандемијата која не го поштеди ниту македонскиот судски систем го наметна прашањето за ограничување на физичкотот присуство на повеќе лица за време на едно судење, а ја доведе во прашање не само транпарентноста при работењето на судовите, туку и начелото на јавност во постапката, што претставува и еден од основните меѓународни стандарди за правично судење.

Имено, во времскиот период на траење на вонредна состојба, само еден суд во државава - Основниот суд во Кавадарци пристапи кон иновативното решение за користење на платформа за аудио-видео конференција и одржување на online судења. Со овој пристап се обезбеди двонасочна комуникација без заедничко физичко присуство на странките и јавноста, при што странките во постапката можеа да ги оспоруваат обвиненијата или да предлагаат докази. Неспорно дека со примена на ова алтернативно решение, а во тој момент очигледно и најпогодно, со помош на напредни технологии, судовите имаа можност да го одржат првото online судење во државата.

Меѓутоа, ова беше единствено возможно поради експлицитно истакнатата согласност на двете странки во постапката. Во отсуство на таква, а имајќи предвид дека и законските текстови на процесните закони не предвидуваат ваква можност, истото не би можело да се одржи.

Меѓутоа, важно е да се истакне дека со оглед на фактот што бројот на судови кои воведоа онлајн судења е исклучително мал (само еден суд во државата), како и временскиот период во кој судовите и останатите институции функционираа, или функционираат онлајн е многу краток (во просек помалку од два месеци), не можат да се приберат доволно податоци, а оттаму ниту да се направат соодветни анализи, ниту пак да се изведат конкретни заклучоци базирани на докази во поглед на успешноста на ваквото фун-кционирање. Во насока на тоа, имајќи предвид дека КОВИД-19 претставува глобален проблем кој зафаќа многу земји во светот, сепак мал е бројот на правосудни системи кои се решаваат на воведување на онлајн судења. Напротив, дел од развиените земји со стабилни правосудни системи, по спроведените истражувања констатираат дека овој вид на водење на судските постапки влијае на правото на правично судење и сите гаранции кои произлегуваат од истото.[9] Па оттука, прашањето за евентуалното воведување на електронски судења во државата, во сообразност со меѓународните практики и истражувања, би требало многу потемелно и суштински да биде разгледано, пред да се пристапи кон негово имплементирање во секојдневието.

Што се однесува на тоа колку судовите се подготвени да работат во услови на пандемија кога има можност за ширење на заразна болест, загрижува податокот што само 4 суда[10] имаат направено свои посебни протоколи и акциски планови за постапување во услови на КОВИД-19 вирусот, како и критериуми за проценка на висок ризик по здравјето на луѓето, вклучително и за судии кои постапувале по предмети во време на вонредната состојба. Работењето во вонредни околности дополнително го акцентираше прашањето за можност за непречена писмена кореспонденција помеѓу судовите и стрнките во постапката.

Имено, во 2013 година Работното тело за стандардизација на постапките во судовите ги презема сите мерки за имплементација на електронската достава, а потоа донесе и Заклучок кој се однесува на електронската достава и кој содржи Упатство за електронска достава и Услови за користење на системот за електронска достава на судски документи. Целта на овој потфат за дигитализација на судството беше во насока на подобрување на ефикасноста на доставните механизми, односно, да се унапреди системот на достава во судските постапки. Електронскиот систем за комуникација, во овие вонредни околности требаше дополнително да го олесни начинот на комуникација на судовите со странките со тоа што истиот ќе најде на уште поголема примена во секојдневието.

Но, во голем дел од судовите, истиот функционира еднострано, и тоа не во сите основни судови, поточно овозможена е писмена кореспонденција помеѓу судовите и адвокатите, но не и обратно. Како алтернатива на оваа не во целост заживеана практика на функционирање на судските органи во државата, од страна на судовите во периодот на траење на пандемијата беше овозможена кореспонденција преку службените електронски адреси(e-mail) на судовите, каде странките се упатуваи да ги поднесуваат своите барања и поднесоци до соодветните судови. Меѓутоа, имајќи ја предвид сериозноста на последиците од непридржувањето односно ненавременото доставување на писмена, а особено на оние кои се врзани со преклузивни рокови, полната фукционалност на ваквата комуникација не може да биде гарантирана.

Заради обезбедување заштита на здравјето на судиите, судската служба, странките, другите учесници во постапката и сите лица кои имаат интерес за судските постапки, работата на судовите беше организирана согласно мерките и препораките на Владата на Република Северна Македонија и надлежните здравствени органи, како и усогласена со упатствата дадени од страна на Судскиот совет на начин што е редовно беше вршена дезинфекција на судските објекти, користење на судниците во кои може да се одржува соодветна дистанца, носење заштитна опрема од страна на вработените, странките и другите учесници во постапката, како и организирање на работата од домашни услови. Како примери за судови кои посветија особено внимание на оперативното работење во изминатиот период, во услови кога истите беа соочени со предизвикот на непречено функционирање во време на пандемија, би ги издвоиле неколкуте основни судови во државава,

9 Правни и технички предизвици за воведување на онлајн судења-Коалиција "Сите за правично судење" 2020г., достапно на https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2020/10/%D0%9F%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B8-%D0%B8-%D1%82%D0%B5%D1%85%D0%BD%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B8%D1%86%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D0%B2%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D0%B4%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%BD%D0%BB%D0%B0%D1%98%D0%BD-%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B5%D1%9A%D0%B0.pdf

10 Предизвици на судството во време на вонредна состојба, ЦПИА 2020, достапно на: https://cpia.mk/media/files/120436-predizvici-n%D0%90-sudstvoto-vo-vreme-n%D0%90-vonredn%D0%90-sostojb%D0%90.pdf

како на пример, Основниот суд Кавадарци кој имаше изготвено оперативен план и акциски план за постапување во услови на КОВИД-19 вирусот, односно за постапување за време на вонредната состојба и посебно за постапување по вонредната состојба во услови на КОВИД-19, а воедно има утврдено и критериуми за проценка на висок ризик по здравјето на луѓето и за судии кои постапувале по предмети во време на вонредната состојба. Такви критериуми се развиени и од Основниот суд Струмица. Основните судови пак во Неготино, Ресен, Свети Николе и Струмица имаат изготвено интерни акти за реорганизација на нивното работење. Додека пак Основниот кривичен суд Скопје, како најголем суд кој работи на кривично правната материја е утврдено дека има спроведено сет на мерки за обезбедување на потребната заштита, но нема развиено посебен акциски план и протокол бидејќи е на став дека надлежен за донесување на такви одлуки е Судскиот совет на РСМ.

## ПРИОРИТЕТНИ ПРЕДМЕТИ: РЕСПОНЗИВНОСТ НАСПРОТИ ОБЈЕКТИВНИ И СУБЈЕКТИВНИ ПРЕЧКИ

Вонредната состојба наметна сериозни предизвици за доследно почитување на владеењето на правото од страна на институциите. За краток временски период беше неопходно да се оптимизираат условите во судовите согласно новите мерки и протоколи за работа а притоа да се продолжи со ефикасно спроведување на правдата. Па така, согласно Одлуката на Судскиот совет за постапување на судовите во Република Северна Македонија во услови на зголемена опасност од вирусот КОВИД-19 од 17.03.2020 година, приоритет се даде на постапувањето по оние предмети (погоре наведени) што се категоризирани како „нужни работи", а закажаните расправи по останатите предмети да се одржуваат само доколку истите не претставуваат висок ризик по здравјето. Во однос на останатите предмети Владата донесе Уредба со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба за постапувањето на судовите и Јавните обвинителства[11], со која законските и преклузивните рокови престануваат да течат сè до престанување на вонредната состојба.

Врз основа на прибраните и обработени податоци, констатирано е дека Основниот кривичен суд Скопје, за време на вонредната состојба постапувал по вкупно 1320 предмети од кои 1191 предмет во одделот за кривична одговорност на полнолетни и 129 предмети во одделот за организиран криминал и корупција. Предметите по кои е постапувано се категоризирани како приоритетни предмети односно притворски, итни и неодложни, предмети во фаза на завршни зборови и изрекување на пресуда, како и предмети по член 205 и 206 од КЗ. Во текот на овој период беа насрочени рочишта и по предметите иницирани од Специјалното јавно обвинителство кои подолго време се водат пред овој суд, а не се во категоријата "притворски предмети", при што дел од рочиштата беа одложени поради отсуство на странки во постапката предизвикано од здравствени причини во контекстот на пандемијата.

11 Службен весник на РСМ бр.84 од 30.03.2020 година, достапна на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/65e3a64a3e6a48d0a785d9448273b930.pdf

ПРЕДМЕТИ ВО РАБОТА ВО КРИВИЧЕН СУД ВО СКОПЈЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА




Останатите судови од државава од кои се добиени податоци, постапувале во вкупно 2.088 предмети[12], при што најголем дел од овие предмети се однесуваат на член 205 и член 206 од КЗ, за коишто кривични дела се води постапка за издавање на казнен налог.

Оттука може да се увиди дека фокусот на работата на судовите беше пренасочен и кон санкционирање на дејствијата на непочитување и прекршување на задолжителните мерки за превенција и спречување на заразата со КОВИД-19, со кои се исполнува законското битие на кривичните дела „Пренесување заразна болест" од член 205 од КЗ и „Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија" од член 206 од КЗ. Имајќи ја предвид улогата на санкционирањето како механизам за справување со ситуацијата, правосудните институции имаа специфична функција во вонредната состојба, притоа водејќи сметка за заштита на здравјето при постапувањето и соодветно организирање на работата.

Од страна на Коалицијата „Сите за правично судење", како организација специјализирана за мониторинг на судски постапки, во предметниот период беа мониторирани 28 предмети односно 39 рочишта за главна расправа што се водат пред основните судови во Р.Северна Македонија и тоа по чл.205 „Пренесување заразна болест" и чл.206 „Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија" од КЗ. Според податоците на Коалицијата, во 12 судски предмети кои што се водеа по овие членови од Кривичниот Законик, судот донел пресуда врз основа на признание на вина, од кои во 7 предмети судот изрекол парична казна, во 1 предмет судот изрекол алтернативна мерка условна осуда, а за 4 предмети судот ја нема јавно објавена пресудата. Во останатите 16 предмети каде што обвинетите не признале вина, судската постапка сé уште трае, освен во 2 предмети каде што јавниот обвинител се откажал од кривичен прогон поради тоа што немало доволно докази против обвинетите, па врз основа на тоа постапката во овие предмети е запрена. Она што остава особен впечаток е еден од предметите кој што се водел пред Основниот кривичен суд Скопје, каде што за еден обвинет судот изрекол алтернативна мерка општокорисна работа. Обвинетиот во овој предмет е вработено лице во Инфективната клиника во Скопје, кој што го прекршил полицискиот час поради тоа што се задржал повеќе од предвиденото работно време, на своето работното место. Судот ценејќи ги отежнителните и олеснителните околности донесе пресуда сметајќи дека ќе се постигнат целите на казнувањето и воспитно ќе се влијае на обвинетиот во иднина да не се јавува како сторител на кривични дела.

Од аспект на начелото на јавност на судењата, судовите за време на вонредната состојба обезбедија соодветни услови за почитување на ова начело и следење на судските рочишта од страна на јавноста, па така Коалицијата „Сите за правично судење" за време на вонредната состојба мониторираше вкупно 68 судски рочишта, од кои едно беше одржано онлајн[13], преку платформа за аудио-видео конференција.

Врз основа на добиените податоци, може да се заклучи дека судовите за време на вонредната состојба се соочија со предизвици за организирање на нивната работа со, од една страна, доследно почитување на начелата за фер и правично судење и ефективност во постапувањето, а од друга страна обезбедување заштита на здравјето на вработените – судиите, судските службеници и судската полиција, странките и другите учесници во постапката. Дополнително, со оваа вонредна состојба се акцентираа и останати проблеми со кои се соочуваше судството во изминатиот период, како што се недостатокот на човечки ресурси, опрема, технички капацитети во информатичката технологија, како и предизвикот во поглед на комуникацијата на судот со странките во постапката. Покрај ова, еден и од главните предизвици за судовите беше соочувањето и постапувањето по однос на одредени кривични дела за кои претходно не е развиена обемна судска пракса.

12 Оваа бројка не ги вклучува предметите од Основниот граѓански суд Скопје од кој не беше добиен целосен одговор, како ни предметите во Основниот суд Охрид во кој според добиениот одговор биле одржани 121 рочиште, но не е прецизирано по однос на колку предмети, додека пак во одговорот на Основниот суд Куманово бројката на предмети беше дадена по месеци

13 Судење по К.бр.79/20 заведено во Основниот суд Кавадарци

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

- Главен проблем при постапувањето на судовите во вонредната состојба во 2020 година е **недостатокот од јасен и прецизен нормативен акт кој ја регулира работата на судството.** И покрај брзата реакција на судовите преку усвојување на внатрешни акти за организација и функционирање, недостатокот на правна регулатива што остава простор за импровизации и судири околу начинот на постапување, а недефинираните услови и начин на постапување по итни и приоритетни предмети дополнително ја отежна работата на судиите и стручната служба.

- Со цел да се олесни работата на судовите и да се обезбеди воедначеност во процесот на постапување, **потребно е да се усвојат стандардизирани процедури за организација на работата на судовите, постапувањето по предметите и комуникација на судовите за време на вонредна состојба.** Со цел да се обезбеди континуирана транспарентност на судските постапки, потребно е Судскиот совет да усвои **протокол за спроведување на мерки за заштита од КОВИД-19 со предвидени услови за обезбедување на начелото на јавност на постапките.** Неопходно е овие протоколи да се почитуваат и применуваат во секој суд подеднакво, со што ќе се овозможи отвореност на работата на судовите и во вонредни услови. Во упатствата и насоките кои се усвојуваат од Судскиот совет за време на пандемијата, потребно е да се воспостават **и јасни критериуми за приоретизација на предмети, со почитување на начелата за фер и правично судење и ефикасност на постапката.**

  Како една од позитивните работи кои произлегоа од новонастанатата ситуација со прогласената пандемија КОВИД 19 е и тоа дека **во Република Северна Македонија се одржа првото онлајн судење.** Ваквиот начин на судење само кое ја потврди потребата за отворање на патот кон модернизирање на судиското работење но и подобрување на ефикасноста на судовите во Северна Македонија, не само во услови на вонредна состојба туку и во нормални услови.

- При разгледување на можноста да бидат воведени онлајн судења, со цел да се оневозможи намалување на имплементацијата на стандардите за фер и правично судење, како и целосно кршење на правото на фер и правично судење загарантирано со членот 6 од Европската конвенција за човекови права, неопходно е да се има предвид специфичноста на судскиот систем, како и функционирањето на судовите, кои не се само еден обичен административен орган, туку се посебен столб на државната власт. Покрај ова, неопходни ќе бидат и **интервенции во самите процесни закони кои соодветно ќе го предвидат начинот и степенот на онлајн функционирање на судовите, како и кои ќе предвидат соодветни процесни гаранции за заштита пред сé начелото на еднаквост на оружјата, ефикасното учество во постапката, како и јавноста на постапките кои се спроведуваат онлајн**. Па оттука, неопходно е и да се земат предвид далекусежните и долгорочните последици кои можат да настанат како резултат на новиот, онлајн принцип на работа.

  Самата природа на пандемијата налагаше од судовите да се применуваат мерки на социјално дистанцирање за што требаше да се искористи **системот за електронска достава и комуникација** на судовите и странките. Системот беше воспоставен уште во 2013 година, но истиот **се уште не се применува како алатка за двонасочна комуникација од најголем број од судовите во Северна Македонија.**

- Обезбедувањето на ефикасна комуникација со странките за непречено постапување и водење на судските постапки, треба да се овозможи преку **потполна функционалност на воспоставениот систем за електронска комуникација помеѓу судот и странките во постапката во сите судови во државата,** како би се овозможила и поголма пристапност на граѓаните до услугите на судовите и остварување на нивните права.

- Дополнително, при комуникација со судовите за подготовката на овој документ беше нотирано дека е неопходно да се направи **функционална надградба на АКМИС системот во насока на обезбедување обработка на податоци во поголем обем,** особено во степенот на одржување и одложување на рочиштата. Оптимизацијата на АКМИС системот ќе ја олесни обработка на податоците од страна на судовите, и ќе овозможи полесна пристапност за граѓаните кон истите, особено во насока на отворено и транспаретно работење на судовите.